Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-660/2
07-11-2024 година

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен Весник на РСМ" бр. 258/2020 од 30.10.2020), а во врска со претставка бр. 08–660/1 од 08.10.2024 година, го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапката по претставката бр. 08–660/1 од 08.10.2024 година, поднесена од [redacted] и [redacted] од Битола.

### Образложение

На 08.10.2024 година [redacted] со адреса на [redacted] Битола и [redacted] со адреса на [redacted] Битола поднесоа претставка за заштита од дискриминација до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата). Во претставката подносителите наведуваат дека до Одделот за заеднички работи и управување со човечки ресурси во Министерството за внатрешни работи, на 01.07.2024 година поднеле барања за остварување на паричен надоместок за новородено дете согласно член 201 став 1 од Колективниот договор на МВР. Од Одделот добиле одговор на 06.09.2024 година, дека согласно наведениот член од Колективниот договор, паричниот надоместок во висина од 100 евра во денарска противвредност следува за работничка-мајка, со што тие не ги исполнуваат условите. Следствено на тоа, подносителите во претставката наведуваат дека се директно дискриминирани врз основа на пол, што е спротивно на член 9 од Уставот на РСМ, како и член 14 од Европската конвенција за човекови права. Според нив, како што наведуваат во претставката, паричниот надоместок предвиден во членот 201 од Колективниот договор на МВР не може да биде врзан со работничка-мајка, односно со полот на работникот/родителот, туку единствено треба да се однесува и да биде насочен кон новороденото дете.

Комисијата за истата правна работа веќе постапувала во претходен предмет по поднесена претставка, за што има донесено Мислење бр. 08-462/4 од 27.10.2023 година, со кое утврдила директна дискриминација врз основа на пол сторена од Министерството за внатрешни работи кон подносителот, односно кон сите вработени мажи-татковци во Министерството. Следствено, Комисијата со Мислењето има донесено и препорака за отстранување на повредата како резултат на сторената дискриминација, со кои му препорачува на Министерството за внатрешни работи да иницира измена на одредбите од членот 201 од Колективниот договор на МВР, во насока на овозможување на еднаков пристап на родителите до правото на еднократен паричен надоместок за новородено дете, без разлика на полот на родителот кој го поднесува барањето, во рок не подолг од 180 дена од добивањето на Мислењето.

Со Колективниот договор за изменување и дополнување на Колективниот договор на Министерството за внатрешни работи („Службен весник на РСМ“ бр. 215/2024 од 25.10.2024 година), е постапено по препораката на Комисијата, односно членот 201 од Колективниот договор на МВР е изменет и дополнет на начин што паричниот надоместок сега однесува и вработен-мајка и вработен-татко.

Согласно член 27 став 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата носи заклучок за неповедување на постапката за претставка за која веќе постапувала, а не се понудени нови факти и околности и за тоа го известува подносителот.

Од причини што изнесените факти и околности во поднесената претставка се исти, односно се однесуваат на истата фактичка состојба и правна работа како и во претходно поднесената претставка по која постапувала и одлучила Комисијата, се одлучи како и во диспозитивот на овој заклучок.

Комисија за спречување
и заштита од дискриминација
Претседател,
Лимко Бејзароски

*Доставено до:*
[redacted]
*- Архива на Комисијата*